РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP

Бр./Nr. 13-15788/40

1 5 -12- 2021 20 ___ год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / Pranuar: | 17.12.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. / Nj. org. | Број / Numri | Прилог / Shtojcë: | Вредност / Vlera: |
| 08 | 9/138 | – | |

Архивски знак. ______
Рок на чување. ______
______ 20 ___ год.
Потпис.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10,51/11,96/19 и 110/19) и член 38 став 1 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/99, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/0, 35/06, 30/07, 49/07, 81/0, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 229/20), министерот за образование и наука ја донесе испитната програма по **англиски јазик за државна матура во гимназиско, средно стручно и уметничко образование**.

ИСПИТНА
ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

ДРЖАВНА МАТУРА

Скопје

## Содржина


1. Вовед ..... 2
2. Структура на испитот ..... 3
3. Шематски приказ на испитните цели и задачи ..... 4
4. Технички опис на испитот ..... 5
5. Оценување ..... 6
6. Речник на термини и референци ..... 10
7. Прилог А ..... 25

## 1. ВОВЕД

Испитната програма е документ којшто на училиштата, наставниците, учениците/кандидатите и сите други заинтересирани за овој испит им нуди информации за содржината и квалитативниот аспект на испитот.

Намената на програмата е:

- да го насочи кандидатот успешно да се подготви за полагање на матурскиот испит по англиски јазик како странски јазик;

- да му помогне на наставникот за успешна реализација на наставната програма во функција на подготвување на учениците за матурскиот испит.

Испитната програма се темели на редовните наставни програми по англиски јазик од I до III година и скратената наставна програма за IV година за средно образование како и Заедничката европска референтна рамка за јазиците. Предмет на проверка на знаењата и способностите на учениците по предметот англиски јазик ќе бидат деловите Читање со разбирање, Пишување и Примена на јазичните елементи во контекст. Со оваа испитна програма се утврдува содржината, структурата и начинот на полагање и оценување на испитот по англиски јазик во рамките на државната матура во средното образование. Испитот по англиски јазик во рамките на државната матура што се спроведува на крајот од четиригодишното средно образование ќе овозможи да се провери:

- дали кандидатот има стекнато соодветни знаења и вештини по англиски јазик кои ќе му овозможат да го продолжи своето образование на високообразовните институции;

- дали кандидатот е оспособен самостојно да ги применува стекнатите знаења од англискиот јазик во комуникација во секојдневниот живот.

## 2. СТРУКТУРА НА ИСПИТОТ

1А. Читање со разбирање
Од кандидатот се очекува:
- да ја разбере суштината на текстот;
- да пронајде конкретни информации во текстот;
- да го разбере текстот во детали.

1Б. Примена на јазичните елементи во контекст
Од кандидатот се очекува:
-да ја покаже способноста за примена на лексичките единици, граматичките структури и идиоми во контекст.

2А. Пишување писмо
Од кандидатот се очекува да напише кохерентен и соодветен одговор на задачата преку кој ефикасно ќе ја размени информацијата поврзана со претпоставена ситуација од секојдневниот живот.

2.Б Пишување текст
Од кандидатот се очекува:
- да напише кохерентен текст, по дадени насоки, поткрепен со логички издржани аргументи, применувајќи соодветен опсег на зборови и граматички структури.

## 3. ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ НА ИСПИТНИТЕ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

| Вид задачи | Вештина која се тестира | Што се очекува од кандидатот? |
|---|---|---|
| Со повеќечлен избор | Читање со разбирање | - да ја разбере главната идеја<br>- да пронајде конкретни информации<br>- да го разбере текстот во детали |
| Со вметнување (реченици или пасуси) | Читање со разбирање | - детално да ја разбере логичната поврзаност на речениците во текстот<br>- да ги разбере лексичките и граматичките обрасци |
| Со празнини | Примена на јазичните елементи | - точно да ги применува лексичките единици и граматичките структури |
| Зборообразување | Примена на јазичните елементи | - да ги разликува и правилно да ги применува различните морфолошките категории |
| Трансформации на реченици | Примена на јазичните елементи | - да ги знае граматичките категории и истите правилно да ги применува во креирање алтернативни реченични |
| Писмо | Пишување[1] | - да може да напише кохерентна, соодветна и добро организирана информација како одговор на секојдневна животна ситуација |
| Текст | Пишување[2] | - да напише кохерентен текст, по дадени насоки, поткрепен со логички издржани аргументи, применувајќи соодветен[3] опсег на зборови и граматички структури. |

[1] Содржините кои би биле опфатени во задачите Пишување, како и Читање со разбирање, се предвидени во скратените наставни програми по англиски јазик во средното образование
[2] Содржините кои би биле опфатени во задачите Пишување, како и Читање со разбирање, се предвидени во скратените наставни програми по англиски јазик во средното образование.
[3] Подразбира зборови и граматички структури на Б2 ниво согласно Заедничката европска референтна рамка за јазиците.

## 4. ТЕХНИЧКИ ОПИС НА ИСПИТОТ

Матурскиот испит по предметот англиски јазик се полага писмено. Се очекува кандидатите да користат само сино пенкало. Во тестот, кандидатите ќе најдат црвена листа за одговори која се пополнува со боење на кружчињата.

Времетраењето на испитот изнесува 180 минути.

Испитот содржи:
а) две задачи за вештината Читање со разбирање со 15 бода.
б) две до три задачи од делот Примена на јазичните елементи во контекст со 20-30 бода.
в) две задачи во делот Пишување со 25-30 бода.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ

### **5.1.** Општо за оценувањето

Оценувањето се врши екстерно и централизирано. Еден дел од задачите се оценува електронски според даден клуч. За секое точно одговорено прашање, освен за задачата Пишување, кандидатот добива по еден бод. Другиот дел од задачите, се оценува од обучени оценувачи, наставници по англиски јазик, согласно однапред изготвено упатство и усогласени критериуми. Вкупниот број бодови што можат да се освојат на испитот е 70.

Потребниот број бодови за да се положи испитот, како и распонот на бодови за секоја од позитивните оценки (од 2 до 5) се утврдува по завршувањето на оценувањето.

### **5.2.** Казнени мерки

Одговорите напишани со молив, ќе се вреднуваат со 0 (нула) бодови. Кандидатите не смеат да го пишуваат своето име и презиме во кој било дел од тест-книшката, во спротивно одговорите ќе бидат вреднувани со 0 (нула) бодови. Одговорите кои се резултат на мамење (плагијат, препишување или каков било труд за кој ќе се докаже дека не му припаѓа на кандидатот) ќе бидат вреднувани со 0 (нула) бодови.

### **5.3.** Оценување поврзано со бројот на зборовите

Текстот се оценува со 0 бодови по сите критериумите доколку: а) содржи помалку од 50% од бараниот број зборови;

б) содржината воопшто не одговара на барањата од задачата. Текстовите кои содржат помалку од минимумот зборови кои се бараат, подлежат на кратење на бодови.

### **5.4.** Оценување на делот Пишување

Оценувањето на испитните задачи писмо и текст ќе се изведува со помош на следните критериуми:

Табела со описи на критериумите за задачата писмена интеракција

| Бодови | Инструкции за оценување |
|---|---|
| 5 | Одговорот во целост одговара на описите од сите (4) четири категории. |
| 4 | Одговорот не задоволува (опис од) една категорија. |
| 3 | Одговорот не задоволува (опис од) две категории. |
| 2 | Одговорот не задоволува (опис од) три категории. |
| 1 | Текстот е тешко разбирлив поради бројните грешки;<br>Бројот на зборови е под долната граница од опсегот. |
| 0 | Одговорот воопшто не одговара на барањата од задачата;<br>Одговорот идентичен или делумно идентичен; |

| Одговор на задача | Структура | Избор на зборови | Механика |
|---|---|---|---|
| Одговорот, главно ги опфаќа сите барања од задачата.<br>Одговорот има логичка следственост.<br>Речиси нема непотребни информации. | Одговорот е организиран во:<br>– обраќање кон примач<br>– главен дел<br>– отпоздрав, потпис. | Во поголем дел зборовите се точно употребени, а некои од нив се и на Б2 ниво. | Се гледаат реченични структури, речиси без граматички, правописни, ниту пак грешки во интерпункцијата. |

Табела со описи на критериумите

| Бодови | Одговор на задача | Кохерентност и кохезија | Лексика и избор на зборови | Граматика/Структура на реченици | Правопис и интерпункција |
|---|---|---|---|---|---|
| **4 Текстот ги задоволува сите описи** | Содржината текстот во целост одговара на задачата, односно дадените насоки.<br><br>Текстот има јасен, невоопштен[4] главен исказ.<br>Исказот го поткрепува со логички издржани аргументи[5].<br><br>Не содржи воопшто или содржи многу малку непотребни информации. | Читателот може лесно да го следи текот на мислите.<br><br>Воведот, главниот дел и заклучокот се содржински пропорционално опфатени.<br><br>Сврзувачките средства се ефикасно употребени со цел да се поврзат зборовите, речениците и пасусите во една единствена целина.<br><br>Секој пасус, во главниот дел, има тематска реченица која потоа соодветно се разработува. | Лексиката е на Б2 ниво или повисоко.<br><br>Зборовите се точно употребени низ целиот текст.<br><br>Синонимите и идиоматските изрази се успешно употребени.<br><br>Речиси нема влијание од мајчиниот јазик. | Ефикасно се употребени разновидни реченични структури.<br><br>Сите реченици се логични и разбирливи.<br><br>Речиси нема граматички грешки.<br><br>Речиси нема влијание од мајчиниот јазик. | Речиси воопшто нема грешки во правописот, интерпункцијата или механиката.<br><br>Зборовите кои честопати правописно погрешно се пишуваат, во текстот се напишани правилно. |
| **3 Текстот ги задоволува повеќето од описите** | Содржината на текстот речиси во целост одговара на задачата, односно дадените насоки.<br><br>Главниот исказ е премногу едноставен.<br><br>Главниот исказ, во голем дел е поткрепен со најмалку два логички издржани аргументи.[6]<br><br>Може да содржи непотребни | Читателот со сосем мала потешкотија го следи текот на мислите во текстот.<br><br>Текстот е поделен на вовед, главен дел и заклучок и истите се главно пропорционално опфатени.<br><br>Основните сврзувачки средства се точно употребени.<br>Лесно се издвојува тематската реченица. | Лексиката е најмалку на Б1 ниво.<br><br>Речиси сите зборови се точно употребени.<br><br>Главно, синонимите и повеќето идиоматски изрази се успешно употребени.<br>На неколку места видливо е влијанието од мајчиниот јазик. | Постои обид за употреба на сложени реченични структури, но со помали грешки.<br><br>Повеќето реченици се логични и се читаат лесно<br><br>Граматичките грешки не го попречуваат разбирањето на текстот. | На места се среќаваат грешки во правописот кои не го попречуваат разбирањето на значењето на зборот.<br><br>На места се среќаваат грешки во интерпункцијата и механиката, кои не го попречуваат разбирањето на значењето на зборот. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | информации кои не влијаат сериозно на издржаноста на аргументите. | Аргументите се релативно добро разработени и се во посебни пасуси. | | На неколку места видливо е влијанието од мајчиниот јазик. | Зборовите кои честопати правописно погрешно се пишуваат, во текстот се напишани правилно. |
| 2 **Доволен е еден опис** | Одговорот на задачата е делумен.<br><br>Аргументите се недоволно разработени.<br><br>Голем дел од понудената содржина е непотребна или се повторува. | Читателот прилично тешко го следи текот на мислите поради неорганизараноста на истите, како и поради недостиг на сврзувачки средства.<br><br>Недостигаат вовед, главен дел или заклучок.<br><br>Деловите од текстот се непропорционални.<br><br>Недостигаат пасуси или истите не се поврзани содржински со разработката на аргументите. | Во главно, лексиката е едноставна.<br><br>Некои зборови и идиоми се погрешно употребени и на тој начин значењето станува нејасно.<br><br>Лексиката во голема мера е преземена директно од задачата.<br><br>Се гледа умерено влијание од мајчиниот јазик. | Употребени се главно ограничен број видови реченици.<br><br>Некои реченици се тешки за разбирање поради синтаксички грешки или грешки во зборовните форми.<br><br>Има прилично голем број граматички грешки.<br><br>Прилично видливо е влијанието од мајчиниот јазик. | Се среќаваат прилично голем број грешки во правописот кои го одвлекуваат вниманието на читателот.<br><br>Се среќаваат прилично голем број грешки во интерпункцијата и механиката кои го одвлекуваат вниманието на читателот.<br><br>Некои од грешките во интерпункцијата водат кон погрешно разбирање на значењето. |
| 1 **Доволен е еден опис** | Содржината многу малку одговара на задачата. | Многу е тешко да се следат мислите поради недостиг на организација на истите, но и недостиг на соодветни сврзувачки средства. | Во текстот се гледа сериозен проблем во користењето на јазикот.<br><br>Употребена е лексика на елементарно ниво.<br><br>Полно зборови се погрешно употребени.<br><br>Се гледа големо влијание од мајчиниот јазик. | Во текстот се гледа сериозен проблем во користењето на јазикот.<br><br>Се среќават пречести граматички грешки кои сериозно го менуваат значењето.<br><br>Се гледа големо влијание од мајчиниот јазик. | Текстот изобилува со грешки во правописот, интерпункцијата и механиката. |

## 6. Речник на термини и референци

**Текст:** во контекст на испитот по англиски јазик во рамките на Државната матура, текстот треба да содржи **главен исказ** поврзан со насоките од задачата и истата треба да се поткрепи со јасни и логични аргументи или примери. Во текстот понекогаш може да се изнесе и противаргумент, но само во насока на поголема убедливост на аргументите поврзани со главниот исказ.

Рамка на елементите на краток текст во контекст на испитот по англиски јазик од Државната матура:

| | | |
|---|---|---|
| Пасус 1 | Вовед | Започнува со воведна реченица во врска со задачата, го насочува вниманието на читателот, јасно се презентира главниот исказ. |
| Пасус 2 | Аргумент | Се презентира првиот аргумент во тематска реченица која потоа се разработува во пасусот. |
| Пасус 3 | Аргумент | Се презентира вториот аргумент во тематска реченица која потоа се разработува во пасусот . |
| Пасус 4 | Заклучок | Се навраќа на главниот исказ, ги резимира аргументите со различни зборови и на читателот му остава впечаток на завршеток. |

**Главен исказ:** аналогно на она што се нарекува теза во подолг текст или текст на академско ниво. Во контекст на релативно кус текст во рамките на Државната матура, главниот исказ треба да преставува јасна позиција која може да се одбрани и е, во идеален случај, интересна и невоопштена. Преедноставен или премногу очигледен главен исказ е позиција која е толку нејасна и истата се смета за неинтересна и преопшта за да се аргументира. На пример: "All living creatures are mortal;" or, "Being a teenager means facing a lot difficult social situations." Честопати, нејасниот главен исказ изгледа повеќе како клише отколку јасна позиција, како во следните примери: "Family is a gift, but friends are made." Забелешка: ваквиот вид општи искази може да послужат како вовед во темата на текстот и да нè воведат во конкретен и интересен главен исказ.

**Кохерентност и кохезија** се критериуми за оценување коиjа мерат целината и организацијата на текстот. Овие термини се користат кога станува збор за степенот до кој деловите во текстот се држат заедно како единствена логична целина и имаат смисол како во однос на целината, така и во рамките на одделните делови. Кога текстот има целина:

- Сите делови се држат заедно.
- Читателот никогаш не се збунува во однос на главната цел на есејот, но исто така може лесно да ги следи мислите од една реченица до друга, како и од еден пасус до друг.
- Се гледа насочена и ефикасна прогресија на мислите.
- Читателот лесно може да ја пронајде тематската реченица или јасен израз во врска со темата за секој пасус.
- Деловите на есејот се соодветно избалансирани.
- Ефикасно се употребени сврзувачки средства за да се создаде ефект на целосност и поврзаност помеѓу две или повеќе реченици и пасуси.

**Кохерентноста** се поврзува со својството на целосност, односно поврзаност со суштинските идеи во еден текст, но исто така доаѓа и од логичката организација и развојот на тематската содржина на текстот. Кохерентниот текст има логичен смисол.

**Кохезија** е својство на целина во еден пишан текст кое доаѓа од врските помеѓу неговите елементи, кога некои зборови од една реченица се повторуваат во друга, но и поради фактот дека значењето на некои зборови или фрази зависи од содржината на текстот кој претходи или следи. Кохезијата во текстот може да се постигне преку:
- Ефикасно повторување на клучните зборови и мисли
- Ефикасна употреба на синоними
- Ефикасна употреба на лични заменки
- Сврзници.

**Сврзници и сврзувачки средства** се зборови и фрази кои му овозможуваат на читателот лесно да го следи текот на мислите во текстот. Сврзниците и сврзувачките средства ги поврзуваат мислите во самите реченици, потоа помеѓу една и друга реченица, како и помеѓу еден и друг пасус. Доколку овие алатки се користат ефикасно, текстот нема да изгледа збркано или како да се скока од една мисла до друга.Сврзувачките средства може да бидат личните заменки или истиот ефект може да се постигне преку повторување на некој збор или клучна мисла.

| Видови и примери сврзници (Transitions) | |
|---|---|
| Составни | also, in the same way, just as ... so too, likewise, similarly |
| Спротивни | but, however, in spite of, on the one hand ... on the other hand, nevertheless, nonetheless, notwithstanding, in contrast, on the contrary, still, yet |
| Редоследни | first, second, third, ... next, then, finally |
| Временски | after, afterward, at last, before, currently, during, earlier, immediately, later, meanwhile, now, recently, simultaneously, subsequently, then |
| Примерни | for example, for instance, namely, specifically, to illustrate |
| Допусни | even, indeed, in fact, of course, truly |
| За место | above, adjacent, below, beyond, here, in front, in back, nearby, there |
| Причински и последични | accordingly, consequently, hence, so, therefore, thus |
| Доказни | additionally, again, also, and, as well, besides, equally important, further, furthermore, in addition, moreover, then |
| Заклучни | finally, in a word, in brief, briefly, in conclusion, in the end, in the final analysis, on the whole, thus, to conclude, to summarize, in sum, to sum up, in summary |

**Пасусите и тематските реченици:** Општо земено, секој пасус треба да потекнува од **главниот исказ** и да развива конкретна мисла која директно го поткрепува **истиот.** Оваа мисла се презентира во **тематската реченица**, која, по правило, е првата реченица во пасусот. Истата не мора секогаш да биде ограничена само на една реченица, но сепак, суштината на пасусот мора да биде јасна.

**Видови реченици:**

**Проста** – независна реченица (содржи подмет и прирок). Простата или независната дел-реченица може да биде расказна или прашална и истата искажува една завршена мисла.

*Примери* Veronica baked some cookies.
What did Veronica do today?

**Независносложена реченица** – две независни дел-реченици поврзани со сврзници како (for, and, nor, but, or, yet, so) и запирка, или само со точка-запирка.

*Примери:* Veronica baked some cookies, and her little brother Igor decorated them.
Veronica had lots of schoolwork to do, yet she still found time to bake some cookies for the party.

**Зависносложена реченица** – реченица во која се поврзуваат зависна (подредена) дел-реченица со независна дел-реченица.Кога зависната дел-реченица стои пред независната, двете дел-реченици се одвојуваат со запирка; во обратен случај, интерпункциски знаци не се потребни.

*Пример:* Even though Igor was impatient to eat the cookies, he carefully decorated each one first.
Igor carefully decorated the cookies once they had cooled to the right temperature.

**Комбинирана зависно- и независносложена** – реченица составена од најмалку две независни дел-реченици и една или повеќе зависни.

*Пример:* Once the cookies were ready, Veronica quickly ate five of them, but Igor ate only one.

**Зборови кои честопати правописно погрешно се пишуваат**

На подолунаведените страници ќе најдете листи на зборови кои најчесто погрешно се пишуваат:
https://www.esl-lounge.com/reference/vocabulary-reference-common-misspellings.php
https://cambridgeesolde.wordpress.com/2016/01/11/most-common-spelling-mistakes-at-level-b1-and-b2/

**Нивоа на лексика согласно ЗЕРРЈ (Заедничка европска референтна рамка на јазиците):**

- Учебниците по англиски јазик за четврта година кои во моментот се користат содржат листа на зборови на Б1/Б2 ниво: http://www.eltcloseup.com/b2-student-zone/b2-alphabetical-word-lists

Користете ја оваа онлајн алатка доколку сакате да го проверите нивото на конкретен збор согласно ЗЕРРЈ. (Забелешка: неопходно е да креирате бесплатна сметка на веб-страницата English Profile за да можете да ја користете оваа алатка): CEFR standardshttp://www.englishprofile.org/wordlists .

- Листа на зборови на А2 ниво: https://www.cambridgeenglish.org/Images/22105-ket-vocabulary-list.pdf

**Избор на зборови** се однесува на изборот и употребата на зборови во текстот од страна на кандидатот. Оценувањето на соодветниот избор на зборови е пред сè размислување во насока на значењето (денотативно и конотативно), но и во насока на конкретноста, регистарот, тонот, како и за која публика е наменет текстот. Алтернативен термин за избор на зборови е терминот дикција.

Под терминот „**влијание од мајчиниот јазик**", инаку познато и како јазичен трансфер или меѓу јазично влијание, се мисли на употреба на форми и структури од мајчиниот јазик или „првиот" јазик на кандидатот кој го полага испитот.

**Плагијат,** како што се вели во Колин Инглиш Дикшинери, "е пракса на искористување туѓа идеја или труд, истовремено преправајќи се дека самиот си ја/го смислил или создал истата." (https://www.collinsdictionary.com/dictionary/english/plagiarism) Дури и само неколку позајмени збора може да се сметаат за плагијат доколку не се ставени во наводници и не е наведен изворот од каде се преземени. Некои примери на плагијат: препишување од збор до збор на кој било дел од текстот без наведување на изворот; препишување материјал од интернет, исто така без да се наведе изворот; парафразирање без соодветно признание на изворот; користење необјавен извор без истиот да се наведе; каква било помош која не е дозволена. Во академска средина, плагијаторите се соочуваат со строги казни.

## Пример - задача од делот Читање со разбирање

Со повеќечлен избор

**Read the text below and choose the best answer (A-D) to the questions (1-8) related to the text.**

The question of whether our genes influence our personality essentially boils down to nature versus nurture. This split has dominated personality theory since Darwin noticed that survival meant passing on the most capable of our genes to the next generation.

On the one side, there's the notion that the apple doesn't fall far from the tree ("nature"). Children inherit eye color, skin pigmentation and vulnerability to specific illnesses from one or other parent, and they inherit specific personality traits in the same way. Personality is wired in, and no quirks of upbringing will change it.

In the opposing corner stands the theory of nurture. Nurture argues that the human mind is a "tabula rasa" (blank slate), and it's the sum total of your environment, learning and experiences that shape you to be the person you are today.

So, who's wrong? Who's right? Let's take a closer look.

Back in the 19$^{th}$century, as an outgrowth of Darwin's theories, scientists were convinced that character and intelligence were hereditary although they could be improved through further education. A generation later, Freud changed popular thinking. He believed that character was shaped by conflicts resolved in childhood and by how an individual learned to navigate their physical environment. Throughout much of the 20th century, this behaviorist, or "nurture", approach dominated psychology. It was commonly believed that human personality was primarily influenced by environment and could be changed through social conditioning. It was during this time that Albert Bandura conducted his famous "*Bobo doll*" experiment to show that aggression could be learned through observation and imitation. In essence, Bandura believed that learning could not be fully explained simply through reinforcement, but that the presence of others was also an influence. He noticed that the consequences of an observed behavior often determined whether or not children adopted the behavior themselves.

Related research on twins reveals that genetics have a stronger influence on the development of certain personality traits than previously thought, and may even play a larger role than child rearing. Even though the twin studies demonstrate the strong influence of nature, family influence still matters. Recent studies, for example, have shown that the personality trait of conscientiousness has a far lower genetic correlation than other personality traits. This suggests that a parent or educator might equip an inherently impetuous child with the tools needed to learn dutifulness and self-discipline, and thus influence the development of the child's personality.

It's not just family influence that matters, either. In a recent British study researchers found that, on average, 60 percent of the variation in a child's unruly behavior in school was attributable to hereditary features. But the study also showed that in London and other global hotspots, environment played a significant role. The researchers concluded that issues such as deprivation, housing, education and even pollution levels could all influence how one's DNA expresses itself as personality.

This brings us to another fascinating conclusion drawn by the twin studies. Researchers found that raised-apart identical twins are more similar than identical twins who are raised together. That's because raised-together twins have the opportunity to recognize their similarities and deliberately change their behavior so they might be different from their sibling - effectively turning off their genes. All of which seems to suggest that, even if we do inherit certain parts of our personalities, we're not stuck with them forever. There's a strong possibility that we can change our disposition simply by changing our environment, or possibly even through sheer force of will.

The current thinking is pretty clear - our personalities are shaped by biology and upbringing, and it is almost impossible to hold an all-or-nothing view. And, until we can map the specific gene code for each individual personality trait, we're going to have to embrace the mystery of our personalities and how our own unique character came to be.

*Adapted from: http://www.truity.com/blog/do-children-inherit-their-parents%E2%80%99-personalities*

**1. According to Darwin, what could help humans live longer?**

A. Knowing how to survive at the most critical moments in our lives.

B. Understanding that genes influence our personality.

C. Inheriting the most effective genes from our ancestors.

D. Teaching our survival skills to the next generation.

**2. Before Freud, what was the dominant belief concerning intelligence?**

A. We cannot inherit intelligence, nor can we increase it by extended schooling.

B. We inherit our intelligence, and it cannot be influenced by extended schooling.

C. We cannot inherit intelligence; it can only be developed by formal schooling.

D. We inherit our intelligence, which can then be increased by formal schooling.

**3. According to Freud, how is our personality developed?**

A. By overcoming the challenges of early life and managing one's environment.

B. By ignoring childhood problems and rebelling against the demands of society.

C. By regularly going to psychotherapy in order to talk about childhood problems.

D. By conducting experiments in order to recognize and overcome problems.

**4. According to Albert Bandura, how do children learn to be aggressive?**

A. By being exposed to different experiences every day.

B. By being subjected to the aggression of their peers.

C. By mastering the skills that are taught in school.

D. By noting and mimicking the actions of those around them.

**5. How can teachers and parents possibly change a specific personality trait in children?**

A. They can show children or students how to come to their own conclusions.

B. They can reinforce their children's or students' inherent personality traits.

C. They can teach their children or students responsibility and self-control.

D. They can encourage their children or students to be spontaneous learners.

**6. According to a recent British study, what can affect a student's disposition?**

A. Having adequate food and shelter as well as safe, clean surroundings.

B. Living in the countryside and being well-behaved in school.

C. Living in London, where over half the schoolchildren are deprived.

D. Inheriting specific DNA from one's parents or other ancestors.

**7. According to the results of the twin studies, what is one way a person may be able to alter their own personality?**

A. By emulating the traits of other family members.

B. By consciously deciding to be different from others.

C. By trying to change the behavior of one's identical twin.

D. By being raised apart from other family members.

**8. Which of the following is the best title for the text?**

A. Genetic Inheritance is Destiny

B. A Complex Interconnection of Influences

C. Personality Traits and Your Parents

D. The Role of a Nurturing Environment

Клуч

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| C | D | A | D | C | A | B | B |

## Пример - задача од делот Читање со разбирање

Со вметнување реченици

**Seven complete sentences have been extracted from the text below. Decide which sentence, (A-I), best fits in each of the gaps (1-7). There are TWO answers that are not needed.**

The entire brain weighs three pounds (1.4 kg) and so is only a small percentage of an adult's total body weight, typically 2%. (1 ____.) Why? The perhaps oversimplified answer is that time is energy. Neural communication is very rapid, reaching speeds of over 300 miles per hour and with neurons communicating with one another hundreds of times per second. (2 ____.) If you could hook up a neuron to a pair of earbuds, you could actually hear its rhythmic output as a series of clicks.

Neurochemicals that control communication between neurons are manufactured in the brain itself. (3 ____.) Chemicals are released in very specific locations and they act on specific synapses to change the flow of information in the brain. (4___ .)

A number of studies have shown that eating or drinking glucose improves performance on mentally demanding tasks. (5_______.) The ones who get the sugary treat perform better and more quickly because they are supplying the body with glucose that goes right to the brain to help feed the neural circuits that are doing the problem solving. (6_______.) For another, chronic ingestion of sugars -- these experiments looked only at short-term ingestion -- can damage other systems and lead to diabetes and sugar crash, the sudden exhaustion that many people feel later when the sugar high wears off.

But regardless of where it comes from, the brain burns glucose, as a car burns gasoline, to fuel mental operations. (7_____.) In an hour of relaxing or daydreaming, it uses eleven calories or fifteen watts -- about the same as one of those new energy-efficient light-bulbs. Sitting in class uses a bit more -- sixty-five calories an hour --- which are not burned by fidgeting in your seat (that's not factored in) but from the additional mental energy of absorbing new information.

Adapted from *The Organized Mind* by Daniel J. Levitin.

A For example, experiment participants are asked to solve a difficult problem, and half of them are given a sugary treat first, but the other half are not.

B Running a marathon burns about 2600 calories.

C But it consumes 20% of all the energy the body uses.

D These include some relatively well-known ones such as serotonin, dopamine, oxytocin, and epinephrine, as well as acetylcholine, GABA, glutamate, and endocannabinoids.

E This doesn't mean you should rush out and buy armloads of candy; for one thing, the brain can draw on vast reserves of glucose already held in the body for when it is needed.

F The voltage output of a single resting neuron is 70 millivolts, about the same as the line output of an iPod.

G Just how much energy does the brain use?

H Test subjects enjoy being given something sweet to eat or drink when they arrive at the laboratory.

I Manufacturing these chemicals, and dispersing them to regulate and modulate brain activity, requires energy, and neurons get that energy from glucose.

Клуч

| Gap | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Sentence | C | F | D | I | A | E | G |

Пример - задача за Примена на јазичните елементи

Зборообразување

| The gaps (1-10) in the text below correspond to the numbered words on the right. Fill in the gaps with the correct form of the given word. Use only one word to fill the gap. There is an example at the beginning (0). Answers are expected to be spelled correctly. | |
|---|---|
| Many people who think that they have a (0)*professional* future in films go to Hollywood only to find (1)____________________ instead of success. They often have to give up the more (2)____________________ aspects of their (3)______________ career to act in commercials because these provide (4)________________ security, but they are not satisfying. For many (5)______________ even basic (6)______________ can be difficult. Some do not earn enough to pay their rent or electricity bills, and the time and money invested in (7) _____________ a portfolio for interviews often goes to waste. Of course there is a possible (8)____________________ why only 1% of aspiring film stars are ever really (9) _______________. There are just too many people who believe that their next (10) ________________ will be the one that makes them famous. | 0. Profession<br>1. Disappoint<br>2. Enjoy<br>3. Choose<br>4. Finance<br>5. Act<br>6. Survive<br>7. Create<br>8. Explain<br>9. Success<br>10. Perform |

Клуч

1. Disappointment
2. Enjoyable
3. Chosen
4. Financial
5. Actors
6. Survival
7. Creating
8. Explanation
9. Successful
10. Performance

## Пример – задача за Примена на јазичните елементи Транформации на реченици

Part I

**Using the clue word (in bold), complete the second sentence so that its meaning is similar to that of the first sentence. The form of the clue word may be changed. Contractions are acceptable. Use a total of 2 to 5 words. Answers are expected to be spelled correctly. There is an example (0).**

0. It took us two months to find the right apartment.
   **Spend**
   We *spent two months looking* for the right apartment.

1. Maybe it's not a good idea for us to go swimming today.
   **Should**
   Maybe ____________________ go swimming today.

2. He had a cold, so he couldn't smell the delicious food.
   **Able**
   He had a cold, so he ____________________ smell the delicious food.

3. She has never been to France before.
   **Time**
   This is the ________________________ been to France.

4. I couldn't hear what you said because of the construction noise.
   **Prevent**
   The construction noise __________________________ hearing what you said.

5. My table can seat eight people for dinner.
   Big
   My table is _____________________________for eight people.

**Part 2**

**Fill in the gap in the second sentence so that its meaning is the same as that of the first sentence(s). Use a total of 2 to 5 words. Contractions are acceptable. Answers are expected to be spelled correctly. There is an example (0).**

0. "It will rain tomorrow," said the meteorologist.
   The meteorologist said **that it would** rain tomorrow.

1. I wish I had been a better student.
   _________________ I had been a better student.

2. Steven Hawking was a great scientist. He recently died.
   Steven Hawking, _____________________________, was a great

3. My favorite designer is making me a new suit.
   __________________ a new suit made by my favorite designer.

4. "Will there be enough food for the party?" asked Eric.
   Eric asked ________________________ be enough food for the party.

5. People say the girl in the 1890s photograph was the best scholar the school ever had.
   She is said ____________________________the best scholar the school ever had.

Клуч

**Part 1**

1. We should not / shouldn't
2. Wasn't/was not able to/was unable to
3. First/only time she has
4. Prevented me from/ prevented my
5. Is big enough

**Part 2**

1. If only
2. who recently died
3. I'm/ I am having/getting
4. whether there would / if there would
5. to have been

**Пример - задача за Примена на јазичните елементи**

**Со пополнување**

**Carefully read the text and fill in each gap using ONE word only. Answers are expected to be spelled correctly.**

Being a commercial diver is a well-paid job. And (1)______ should be, because diving is not an easy way to learn a living. The training is intense. In addition (2)______ having diving skills, divers need advanced training (3)_______ using heavy equipment, and have to (4)______ able to perform skilled tasks under water. They need to understand (5)________ hydrostatic pressure affects the human body. And they have to work (6)______ part of a team. (7)______ over the world, commercial divers regularly brave dark, deep waters to mend broken pipes or build oil platforms or lay underwater telephone cables. (8)______ to the effects of pressure on their bodies, divers must stay in decompression chambers for hours after the work is finished. (9)_______ it may seem sensible for companies nowadays to use robots to do deep diving work, it is unlikely that they will ever take over from real divers because robots cannot think for (10) _______ in dangerous situations. Skilled commercial divers will probably always be in demand.

Клуч

1. It
2. To
3. In
4. Be
5. How

6. As
7. All
8. Due
9. Although
10. Themselves

**Пример – задача за делот Писмена интеракција**
**Letter**

***Prompt:*** *You are organizing an online fundraising campaign to help your school buy new uniforms for the girls' volleyball team. Write an email of 60-80 words to your favorite Macedonian celebrity asking them to help you with the campaign. In your email:*

- Introduce yourself and state the purpose you are writing
- Briefly describe what you love about the celebrity or their work
- Say what you would like the celebrity to do for you
- Sign your name "Sarah Smith"

**Пример – задача делот Пишување**

**Text**

Some people think that core subjects to be studied in school should be math and languages. Others think that subjects like music are equally important for the academic development of children.
What do you think? Do you think that music is as important as math and languages?
Give **two** reasons why or why not. Answer the question by writing a text between 200-220 words in length.

Our education system gives advantage to subjects like math and languages because they are considered as more relevant to the academic development of students. However,
I strongly believe that music should be a crucial subject, for two reasons: one is that pupils develop a "musical ear" and the other is that musically educated children are a joy to have around.

Children develop a special sense for music and melody when they are exposed to it, especially at an early age. For example, my friend Donna can play some simple musical pieces on a piano. When I ask her to play a tune, she immediately recognizes it and plays it for me. So, thanks to music lessons in school she is able to play an instrument and to sing beautifully.

Also, children with a strong musical background are always a source of entertainment. For instance, a family in my neighborhood with a boy of ten, gathers every Sunday evening, with everybody singing, as the boy plays his guitar. Thus, the ability to perform music is inevitably a source of joy.

In conclusion, I firmly believe that music is as important as all other subjects. Being taught music when we are young not only helps us develop strong sense of music, but it also gives us and our loved ones pleasure and enjoyment.

***DRAFT PAGE.*** *Use the outline below to organize your text. Your work on this page will not be scored. Write your final answer on the designated pages for this Task in the booklet.*

I. **Introduction and statement of main claim**

II.

**Body – two distinct ideas that logically support your main claim**

A. Topic sentence (first idea in support of your main claim):

B. Topic sentence (second idea in support of your main claim):

III. **Conclusion**

Restatement of main claim in different words, and a summary of supporting points.

## Прилог А

**Совети за успешно пишување текст**

- Организирајте ги своите мисли на хартија пред почнете да го пишувате текстот. Тоа може да биде во форма на концепт или дијаграм.
- Следете ги следниве основни чекори при пишување текст: 1) Бура на идеи; 2) Планирање; 3) Пишување првична верзија; 4) Проверка и поправка.
- Полесно е да се напише воведот во текстот откако ќе се состави концептот за главниот дел на текстот. Штом ќе знаете каков ќе биде главниот исказ и аргументите, конципирајте ги двата пасуса од главниот дел, потоа навратете се повторно на истите и напишете го воведот. На крај, напишете го заклучокот.
- Започнете го секој пасус со тематска реченица во која се содржи главната идеја на пасусот и разработете ја истата понатаму. За наредната идеја, започнете нов пасус.
- Не прибегнувајте кон неформален стил на пишување. Избегнувајте кратенки, колоквијализми или јазик кој е премногу емотивен или личен.
- Користете разновидни синтаксички структури: прости, зависносложени, независносложени реченици. Обидете се да напишете барем една подолга, сложена реченица. Доколку сметате дека сте напишале повеќе долги, сложени реченици, расчленете ги на две-три куси прости реченици.
- Употребувајте зборови кои го одразуваат Вашето ниво на познавање на англискиот јазик (во случајот се работи за ниво Б2 согласно ЗЕРРЈ на знаење кое корелира со наставната програма за 4-та година во средното образование).
- Доколку не сте сигурни за значењето на некој збор или како треба да се употреби истиот, немојте да го користите.
- Напишете текст со јасен главен исказ доколку задачата бара да заземете единствена и јасна позиција во однос на дадената тема.
- Избегнувајте да пишувате зборови кои се непотребни и нерелевантни во однос на темата.

Испитната програма по *англиски јазик* за гимназиско, уметничко и средно стручно образование за **државна матура** ја утврди:

На ден______________________, Скопје

МИНИСТЕР

Мила Царовска